# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА НЕГОТИНО

## Службен гласник бр. 12/2022
## 19.08.2022 година

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за комунални дејности и уредување на градежно земјиште на просторот на општина Неготино за 2022 година**

Се објавува **Програма за изменување и дополнување на Програмата за комунални дејности и уредување на градежно земјиште на просторот на општина Неготино за 2022 година,** што Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **18.08.2022** година.

**Бр.09-582/1**
**19.08.2022 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 95 став 1 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/2015, 98/2015, 193/2015, 226/2015, 31/2016, 142/2016 и 190/2016 и Сл. весник на ЕСМ бр.275/19), член 14 став 4 од Законот за јавните патишта („Службен весник на Република Македонија“ бр. 84/2008; 52/2009; 114/2009; 124/2010; 23/2011; 53/2011; 44/2012; 168/2012; 163/2013; 187/2013; 39/2014; 42/2014; 166/2014; 44/2015; 116/2015; 150/2015; 31/2016; 71/2016 и 163/2016), член 8 од Законот за комуналните дејности („Службен весник на Република Македонија“ бр. 95/2012, 163/2013, 42/2014, 44/2015, 147/2015, 31/2016 и 64/2018), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ “ бр. 5/02), Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост (Сл.весник на РМ бр.15/13..........90/16,72/18 и Сл. весник на РСМ бр.16/2022). и член 79 став 1 точка 26 од Статутот на општина Неготино („ Сл. гласник на општина Неготино “ бр. 3/06, 2/11, 9/11 , 16/12, 16/14, 13/20 И 3/22 ), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден **18.08.2022** година ја донесе следната

## П Р О Г Р А М А

### За изменување и дополнување на Програмата за комунални дејности и уредување на градежно земјиште на просторот на општина Неготино

### за 2022 година

### Член 1

Во Програмата за комунални дејности и уредување на градежно земјиште на просторот на општина Неготино за 2022 година се вршат следните измени:

Во пот програмата ФД – **Уредување на простор во рурални подрачја (капитални трошоци)** во точка 1 Изградба со асфалтирање на улици во с.Криволак ,Тимјаник и Долни Дисан се додава и во с . Пепелиште.

Во пот програмата ЈД **ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА по точка 23 се додава нова точка 24 која гласи** Изградба на улица во У8 во должина од околу 200м од спојот со регион.пат Неготино Кавадарци до полигонот на автошкола 15 Јануари трета измена 12 .08 2022 година.

**Член 2**

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавување во **„ Службен гласник на општина Неготино “ .**

**бр. 08-577/3**
**18.08.2022 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Роза Јаневска с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за сопствено учество на Општина Неготино во реализација на проектот „ Зајакнување на капацитетите на ТППЕ во општина Велес, Неготино, Свети Николе и Кавадарци преку набавка на високо професионални возила согласно европските стандарди**

Се објавува **Одлука за сопствено учество на Општина Неготино во реализација на проектот „ Зајакнување на капацитетите на ТППЕ во општина Велес, Неготино, Свети Николе и Кавадарци преку набавка на високо професионални возила согласно европските стандарди,** што Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **18.08.2022** година.

**Бр.09-582/2**
**19.08.2022 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 79, став 1 точка 26 од Статутот на Општина Неготино („Службен гласник на Општина Неготино“ бр. 3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14, 13/20 и 3/22 ), Советот на Општина Неготино на седницата одржана на ден **18.08.2022** година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**За сопствено учество на Општина Неготино, во реализација на проектот „ Зајакнување на капацитетите на ТППЕ во општина Велес, Неготино, Свети Николе и Кавадарци преку набавка на високо професионални возила согласно европските стандарди “**

**Член 1**

Општина Неготино учествува со сопствени средства во реализација на проектот **„ Зајакнување на капацитетите на ТППЕ во општина Велес, Неготино, Свети Николе и Кавадарци преку набавка на високо професионални возила согласно европските стандарди “.**

**Член 2**

Вредноста на Проектот од член 1 изнесува **24.600.000,00** денари со вклучен ДДВ, средства обезбедени преку Центарот за развој на Вардарски плански регион. Општина Неготино во проектот учествува со дополнителни сопствени средства во износ од **1.810.000,00** денари со вклучен ДДВ .

**Член 3**

Финансиските средства за учество на Општината Неготино од член 2 во висина од **1.810.000,00** денари ќе ги обезбеди од Буџетот на општина Неготино за 2023 година.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „**Службен гласник на Општина Неготино**“.

**бр. 08-577/4**
**18.08.2022 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Роза Јаневска с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за утврдување на интерес за основање на Акционерско Друштво Градски Ракометен Клуб „ ВАРДАР НЕГОТИНО “ Неготино**

Се објавува **Одлука за утврдување на интерес за основање на Акционерско Друштво Градски Ракометен Клуб „ ВАРДАР НЕГОТИНО “ Неготино,** што Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **18.08.2022** година.

**Бр.09-582/3**
**19.08.2022 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15, член 22 точка 6 од Законот за локална самоуправа ( „ Сл.Весник на РМ " бр.05/02), а во врска со член 6, 6-а и член 7 од Законот за спорт ( " Сл.весник на РМ " бр.29/02.....190/16 и Слвесник на РСМ " бр. 98/19 и 244/19), член 79, став 1 точка 26 од Статутот на Општина Неготино „ Службен Гласник на Општина Неготино " бр. 3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14, 13/20 и 3/22), Советот на Општина Неготино на седница одржана на ден **18.08.2022** година ја донесе следната

## О Д Л У К А
## за утврдување на интерес за основање на Акционерско Друштво Градски Ракометен Клуб "ВАРДАР НЕГОТИНО" Неготино

### Член 1

Со оваа Одлука се утврдува интерес на Општина Неготино за основање на Акционерско Друштво Градски **Ракометен Клуб "ВАРДАР НЕГОТИНО" Неготино.**

### Член 2

Вкупниот акционерски капитал на Акционерското Друштво Градски **Ракометен Клуб "ВАРДАР НЕГОТИНО" Неготино** е во износ од **1.550.000,00** денари, од кои Општина Неготино ќе учествува со акционерски капитал во износ од **759.500,00** денари, односно со процентуален износ од **49,0 %** од капиталот.

Финансиските средства на име акционерски капитал на Општина Неготино во износ од **759.500,00** денари ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Неготино за 2022 година и да се уплатат на жиро сметка

- 270000000100185 – ХАЛК Банка

**Член 3**

Работите од надлежност на Собранието на Акционерското Друштво Градски **Ракометен Клуб “ВАРДАР НЕГОТИНО” Неготино**, Општина Неготино ќе ги врши преку овластен претставник.

Овластениот претставник се овластува да учествува на основачкото Собрание на Акционерското Друштво и да ги превземе сите дејствија и активности потребни за основање на Акционерското Друштво.

Како овластен претставник на Совет на Општина Неготино кој ќе ги врши работите од надлежност на Собранието на Акционерското Друштво Градски Ракометен Клуб “ВАРДАР НЕГОТИНО” Неготино, се именува Александар Донов, вработен во општинската администрација на Општина Неготино со звање Советник за развој и унапредување на културата, спортот и соработка со здруженија и фондации.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот објавување во **„ Службен гласник на Општина Неготино “ .**

**бр. 08-577/5**
**18.08.2022 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Роза Јаневска с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 і 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за доделување на паричен надомест за секој ученик запишан во прво одделение во учебната 2022/2023 година во основните училишта во општина Неготино**

Се објавува **Одлука за доделување на паричен надомест за секој ученик запишан во прво одделение во учебната 2022/2023 година во основните училишта во општина Неготино ,** што Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **18.08.2022** година.

**Бр.09-582/4**
**19.08.2022 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (,, Сл.весник на РМ “ бр.5/02 ) и член 79 став 1 точка 26 од Статутот на Општина Неготино (,, Сл. гласник на Општина Неготино “ бр. 3/06, 2/11, 9/11, 16/12 16/14, 13/20 и 3/22 ), Советот на Општина Неготино на седница одржана на ден **18.08.2022** година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

**за доделување на паричен надомест за секој ученик запишан во прво одделение во учебната 2022/2023 година во основните училишта во општина Неготино**

**Член 1**

Со оваа Одлука Општина Неготино на секое дете запишано во прво одделение во учебната 2022/2023 година во основните и подрачните училишта во општина Неготино му доделува еднократен паричен надомест во износ од **3.000,00** денари.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во **„ Службен гласник на Општина Неготино “ .**

**бр. 08-577/6**
**18.08.2022 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Роза Јаневска с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за образование на Општина Неготино за 2022 година**

Се објавува **Програма за изменување и дополнување на Програмата за образование на Општина Неготино за 2022 година ,** што Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **18.08.2022** година.

**Бр.09-582/5**
**19.08.2022 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 22 став 1 точка 8 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Р.М“ бр.5/02 и член 79 став 1 точка 26 од Статутот на општина Неготино (Службен гласник на општина Неготино бр.3/06,2/11, 9/11, 16/12, 16/14, 13/20 и 3/22 ) Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден **18.08.2022** година ја донесе следната:

# ПРОГРАМА

## за изменување и дополнување на Програмата за активностите на општина Неготино во областа на образованието во 2022 година

### I. ЦЕЛИ

Основни цели на оваа Програма се:
-Обезбедување активен однос на Советот на Општина Неготино кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните од областа на образованието;
-Изнаоѓање форми за ефикасно и економично одвивање на образовниот процес;
-Планирање на развојот на образованието;
-Подобрување на условите за изведување на образовниот процес;

### II. АКТИВНОСТИ

Општина Неготино ќе го поттикнува, поддржува и помага остварувањето на целите на оваа Програма сообразено и во корелација со Годишните програми за работа на училиштата. Активностите на Општина Неготино во областа на образованието во 2022 година ќе бидат насочени кон:
-Создавање услови за поефикасно и поекономично одвивање на образовниот процес со реализирање на втората фаза од Новиот концепт за развој на образованието;
-Техничка и стручна помош при имплементација на Образовните политики за општина Неготино;
-Ќе работи на промоција и поддршка на талентирани ученици
-Ќе се обезбедува логистичка и материјална помош во севкупниот професионален развој и унапредување на наставниот кадар.
-Ќе се грижи за обезбедување на оптимални услови за изведување на воспитно образовниот процес во училиштата.

## 1. ПРИХОДИ

| Р.б | Блок дотација по соодветна програма | Износ |
|---|---|---|
| 1.Н1 | Основно образование- блок дотација (плати и надоместоци од плати, тековно одржување и превоз)- МОН преку буџетот на општина Неготино | **126.205.000,00** |
| 2. Н1 | **Средства од Буџетот на општината- основно образование** | **835.000,00** |
| 3. Н1 | Самофинансирачки- основно образование | **330.000,00** |
| 4. Н2 | Средства од Буџетот на општината- средно образование | **285.000,00** |
| 5. Н2 | Самофинансирачки- средно образование | **180.000,00** |
| 6. Н2 | Средно образование- блок дотација (плати и надоместоци и тековно одржување) МОН преку буџетот на општина Неготино | **50.000.000,00** |
| | **Вкупно** | **177.835.000,00** |

**Предлог програмата за активностите на Општина Неготино во областа на образованието за 2022 година е претставена во три дела:**

**I.Подршка на активности во основно, средно образование и образование за возрасни**

**II.Инвестиции во основно и средно образование**

**III.Трансфер на средства од МОН и приходи од самофинансирање во основно средно образование**

| Р. бр. | Активност | Носител | Предвидени средства | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | МОН | Општина | Донација | Соп. Приходи | |
| **I. Активности** | | | | | | | |
| 1. | Поддршка на наставниот кадар за обука и професионалното усовршување во основно и средно образование -сместување и транспорт | Општина Неготино | | 20,000,00ОО<br>20.000,00 СО | | | 40.000,00 |
| 2. | Поддршка на талентирани ученици за настапи на наградни конкурси за основно и средно образование Подршка на наставници (ментори) чии ученици освоиле награди на државни или меѓународни натпревари | Општина Неготино | | 30,000,00- ОО<br>30,000,00- СО | | | 60.000,00 |
| 3. | Подршка на учениците и наставниците од билинвална паралелка | Општина Неготино | | 60.000,00 СО | | | 60.000,00 |
| 4. | Награди за наставници и талентирани ученици во основно и средно, и најдобар ученик | Општина Неготино | | 100,000,00 во ОО<br>100,000,00 во СО | | | 200.000,00 |
| 5. | За организирање на ,,Танц на матуранти,, 2022 (озвучување и маички) | Општина Неготино | | 20.000,00 | | | 20.000,00 |
| 6. | Купување на нови нагледни средства средно образование | Општина Неготино | | 30.000,00 | | | 30.000,00 |
| 7. | Подршка на интернет во основни и средни училишта | Општина Неготино | | 25.000,00 ОО<br>25.000,00 СО | | | 50.000,00 |
| 8. | **Финансиска подршка за секој ученик запишан во прво одделение во основните и подрачните училишта во општина Неготино во износ од 3.000,00 ден за секое прваче.** | **Општина Неготино** | | **200x3.000 денари+ персонален данок = 660.000,00** | | | **660.000,00** |
| | | | **Вкупно** | | **1.120.000,00** | | |

| Р.бр. | Активност | Носител | МОН | Општина | Донација | Соп. Приходи |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **I I. Инвестиции** | | | | | | |
| 1. | Покривање на аула СОУ „Св. Кирил и Методиј“ | | | | Дополнително МОН | |
| 2. | Модернизација на внатрешно осветлување во с.Криволак ООУ„Страшо Пинџур“ | | | | | 50.000,00 |
| 3. | Топлинска изолација на таван с.Пепелиште ООУ„Страшо Пинџур“ | | | | | 50.000,00 |
| 4. | Реконструција на бараки во ООУ „Страшо Пинџур“ | | дополнително | | | |
| 5. | Реконструција на кров во ООУ „Гоце Делчев“ | | 700.000,00 | | | |
| 6. | Приклучок на канализација во с.Тремник ООУ„Гоце Делчев“ | | | | | 500.000,00 |
| 7. | Доградба на 3 училници за едносменско работење ООУ„Гоце Делчев“ | | дополнително | | | |
| 8. | Поставување на централно топловодно греење с.Курија ООУ„Гоце Делчев“ | | дополнително | | | |
| 9. | Донаторски | | | | 1.417.850.000 | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | средства | | | | | |

**III. ТРАНСФЕР НА СРЕДСТВА**

| Ред. бр | Активност | Носител | МОН | Општина | Донација | Соп. Приходи |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Блок дотација- основно образование- плати, материјални трошоци превоз | | 126.205.000,00 | | | |
| 2. | Блок дотација- средно образование- плати, материјални трошоци и превоз | | 50.000.000,00 | | | |
| **3.** | **Приходи од самофинансирање- основно образование буџет на општината и донации** | | | **835.000,00** | | **330.000,00** |
| 4. | Приходи од самофинансирање- средно образование буџет на општината и донации | | | 285.000,00 | | 180.000,00 |
| | **ВКУПНО** | **126.255.000,00** | **1.120.000,00** | **510.000,00** | **128.385.000,00** | |

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавување во **„ Службен гласник на општина Неготино “.**

**бр. 08-577/7**
**18.08.2022 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Роза Јаневска с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за пренамена на средства од Буџетот на општина Неготино**

Се објавува **Одлука за пренамена на средства од Буџетот на општина Неготино ,** што Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **18.08.2022** година.

**Бр.09-582/6**
**19.08.2022 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за Локална самоуправа (сл.весник на РМ бр.5/2002) и член 28 став 1 од Законот за финансирање на единиците на Локалната самоуправа ( сл.весник на РМ бр.61/2004, 67/2007,96/2004, 156/2009, 47/11, 192/15, 209/2018, 244/2019) Советот на Општина Неготино на вонредна седница бр.// одржана на 18.08.2022год. донесе

**О Д Л У К А**

**за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Општина Неготино**

**за 2022 година**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Општина Неготино за 2022 година на следниот начин :

| Потпрограма Потставка | | БУЏЕТ | САМОФИН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| LA0 | **СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА (КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ)** | | | | | |
| 425990 | Други договорни услуги | -660.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| N10 | **ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | | |
| 464990 | Други трансфери | 660.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

Бр.
18.08.2022

Претседател на Советот на Општината
Роза Јаневска

**Бр. 08-577/8**
**18.08.2022**

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Роза Јаневска**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решение за давање согласност на Одлука за дополнување на План за работа на ЈП „ ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО “Неготино за 2022 година**

Се објавува **Решение за давање согласност на Одлука за дополнување на План за работа на ЈП „ ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО “Неготино за 2022 година ,** што Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **18.08.2022** година.

**Бр.09-582/7**
**19.08.2022 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (,, Сл.весник на РМ "  бр.5/02 ) и член 79 став 1 точка 31 од Статутот на Општина Неготино  (,, Сл. гласник на Општина Неготино " бр. 3/06,  2/11, 9/11, 16/12  16/14, 13/20 и 3/22 ), Советот на Општина Неготино на седница одржана на ден **18.08.2022** година го донесе сленото

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за давање на согласност на Одлука за дополнување на План за работа на ЈП „ ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО " Неготино за 2022 година**

**Член 1**

СЕ ДАВА согласност на **Одлука за дополнување на План за работа на ЈП „ ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО " Неготино за 2022 година** со бр.02-268/3 од 16.08.2022 година.

Со оваа Одлука се врши дополнување на План за работа за 2022 година на **ЈП „ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО" Неготино** со бр.**0102-292/1 од 21.12.2021 година.**

**Член 2**

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во **„ Службен гласник на Општина Неготино " .**

**бр. 08-577/9** **Совет на општина Неготино**
**18.08.2022 година** **Претседател,**
**Роза Јаневска с.р**

## СОДРЖИНА

## СЛУЖБЕН ГЛАСНИК 12/2022


1. Заклучок за објавување на **Програма за изменување и дополнување на Програмата за комунални дејности и уредување на градежно земјиште на просторот на општина Неготино за 2022 година**
2. **Програма за изменување и дополнување на Програмата за комунални дејности и уредување на градежно земјиште на просторот на општина Неготино за 2022 година**
3. Заклучок за објавување на **Одлука за сопствено учество на Општина Неготино во реализација на проектот „ Зајакнување на капацитетите на ТППЕ во општина Велес, Неготино, Свети Николе и Кавадарци преку набавка на високо професионални возила согласно европските стандарди “**
4. **Одлука за сопствено учество на Општина Неготино во реализација на проектот „ Зајакнување на капацитетите на ТППЕ во општина Велес, Неготино, Свети Николе и Кавадарци преку набавка на високо професионални возила согласно европските стандарди “**
5. Заклучок за објавување на **Одлука за утврдување на интерес за основање на Акционерско Друштво Градски Ракометен Клуб „ ВАРДАР НЕГОТИНО “ Неготино**
6. **Одлука за утврдување на интерес за основање на Акционерско Друштво Градски Ракометен Клуб „ ВАРДАР НЕГОТИНО “ Неготино**
7. Заклучок за објавување на **Одлука за доделување на паричен надомест за секој ученик запишан во прво одделение во учебната 2022/2023 година во основните училишта во општина Неготино**
8. **Одлука за доделување на паричен надомест за секој ученик запишан во прво одделение во учебната 2022/2023 година во основните училишта во општина Неготино**
9. Заклучок за објавување на **Програма за изменување и дополнување на Програмата за образование на Општина Неготино за 2022 година**
10. **Програма за изменување и дополнување на Програмата за образование на Општина Неготино за 2022 година**

**11.** Заклучок за објавување **на Одлука за пренамена на средства од Буџетот на општина Неготино**

**12. Одлука за пренамена на средства од Буџетот на општина Неготино**

13. Заклучок за објавување на **Решение за давање согласност на Одлука за дополнување на План за работа на ЈП „ ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО “Неготино за 2022 година**

14. **Решение за давање согласност на Одлука за дополнување на План за работа на ЈП „ ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО “Неготино за 2022 година**